0201-
31.05.2022

Точка 3
32-ро Годишно Собрание на Акционери, 31/05/2022

***Предлог***

Врз основа на член 25 став 1 точка 8 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, член 383 став 1 точка 8 и член 479 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 32-ра седница на Годишното Собрание, одржана на ден 31.05.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2022 година**

**Член 1**

Друштвото за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје се назначува за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2022 година.

**Член 2**

Се овластува Главниот извршен директор на ОКТА АД – Скопје со Ревизорската куќа од член 1 на оваа Одлука да склучи писмен договор со кој ќе ги регулира останатите прашања битни за извршување на доверената ревизија, износот на надоместокот и сите битни точки за обезбедување на доверливост.

**Член 3**

Дирекцијата за финансии и администрација е одговорна за спроведување на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Образложение

Согласно член 478 став 1 точка 1 од Законот за трговските друштва (ЗТД), сите големи и средни трговски организирани како акционерски друштва, се подведуваат под ревизија, а нивните финансиски извештаи ќе бидат ревидирани. Согласно член 479 став 1 од ЗТД, финансиските извештаи не може да бидат одобрени, ако на нив не е извршена ревизија од овластено друштво за ревизија. Согласно член 479 став 3 од ЗТД, овластениот ревизор се избира пред истекот на деловната година за којашто се врши ревизијата.

Согласно член 383 став 1 точка 8 од ЗТД, член 479 став 2 од ЗТД и член 25 став 1 точка 8 од Статутот на Друштвото, назначувањето на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, е во надлежност на Собранието на акционери.

На својот 197-ми состанок одржан на ден 26.04.2022 година, а имајќи ја предвид долгогодишната успешна соработка со Друштвото за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје, Одборот на директори ја утврди оваа предлог Одлука наменета за Годишното собрание на акционери, со предлог наведеното друштво да се назначи за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2022 година.